# МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

## Годишен извештај за 2004 година

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) е основана во 1998 година од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) со цел да ги поддржи можностите за вработување и развој на микро и малите бизниси, да придонесе кон намалување на сиромаштијата и да поттикне воспоставување хармонични односи во заедниците.

Во рамките на МРФП во текот на 2004 година се спроведуваа програмите Финансиски услуги (ФУ), Нефинансиски услуги (НФУ), Потсекторски развој (ПСР) и Платформа за развој на малите и средните претпријатија (ПРП).

1. **Финансиски улуги (ФУ):** Целта на програмата ФУ е поддршка на развојот на микро и малите бизниси со што треба да се подобри пристапот на финансиски услуги за земјоделците, самовработените и претприемачите од ММП, да се промовираат услуги коишто се изводливи и повторливи во приватниот сектор и да мобилизира и прибира финансиски средства во земјата и во странство за финансиските и нефинансиските услуги и да обезбеди одржливост на овие услуги на сите нивоа.

**1.1. Реализирани активности:** Во 2004 г. вкупно се пласирани 222.125.493 МКД (3.620.400 евра) што е надминување на планираниот износ за 7,8%. Од заемот тип 1, наменет за индивидуални земјоделци, самостојно вработени и микропретприемачи преку трговски посредници, реализирани се 2 заеми во вкупен износ од 33.494 евра, со што се опфатени 8 крајни корисници. Ова претставува 8,5% од планираниот износ, односно 12% од планираниот број крајни корисници. Со заемот тип 2 се поддржани 59 мали претпријатија во износ од 1.890.532 евра, што е надминување на планираниот износ за 17% и надминување на бројот на корисници за 20%. Заемот тип 3 е исплатен во вкупно 1.696.374 евра преку 12 транши (7 преку Можности, 3 преку ИК банка и 2 преку Тутунска банка), со што се поддржани вкупно 528 крајни корисници. Преку заемот тип 3, пласирани се 26% повеќе од планираниот износ, а опфатени се двојно повеќе корисници од планираниот број.

**2. Нефинансиски улуги (НФУ):** Целта на програмата НФУ е поддршка на развојот на микро и малите бизниси и зајакнување на капацитетот на актерите во секторот ММП. Програмата го постигнува тоа преку поттикнување еднаков пристап до финансиските услуги на индивидуалните земјоделци, самовработените и претприемачите од МСП, помош во создавањето погодна околина за развоја на МСП и обезбедување одржливост на услугите на сите нивоа. Оваа програма е за индивидуални земјоделци, невработени лица, микро и мали претприемачи и нивните вработени.

**2.1. Реализирани активности:** Во 2004 година беа поддржани 5 здруженија со програмска и организациска поддршка, беа идентификувани нивните потреби за градење капацитети, со 20 советодаватели се потпишаа договори за советодавна поддршка, и започнаа обуките наменети за банкарски службеници во експозитурите на трите акредитирани финансиски институции. По одделни компоненти, реализирани се следните активности:

- <u>Градење капацитет на финансиските посредници:</u> Направено е истражување и развиена е Програмата за обука на кредитни службеници на акредитираните финансиски посредници - ФП (почетни и напредни), како и на средниот менаџмент (истата беше одобрена од страна на ФП); партиципирано е во трошоците за плата на новоангажираните кредитни службеници во експозитурите на ФП; започна циклус обуки наменети за кредитните службеници во експозитурите;

- <u>Градење капацитет на здруженијата:</u> Финансиски е поддржано изданието на 8 прирачници на стручни теми предложени од самите здруженија на земјоделци и претприемачи; со програмска и организациска поддршка поддржни се 5 (пет) здруженија: ЕСА - Гостивар, Здружението на земјоделските производители Агропродукт - Штип, Регионалниот пчеларски сојуз Матица, ЕСА - Тетово и Здружението на земјоделските производители ЗЗП - Куманово; врз основа на претходната идентификација на потребите, започнат е циклус обуки и студиски посети, кои би придонеле кон јакнење на капацитетите на поддржните здруженија;

- <u>Градење капацитет на претприемачите:</u> Во рамките на проектот Акредитација на советодаватели се изврши широка акредитација на нови советодаватели. Вкупно беа избрани 20

советодаватели, односно советодавни куќи, кои треба да им помогнат на можните корисници на заеми во изработка на бизнис-план. При изборот на советодавателите посебно внимание беше посветено на нивната регионална припадност, со цел да се покрие целата територија на Македонија.

**3. Потсекторски развој (ПСР):** Целта на ПСР е подобар пристап до пазарот на малите фармери и агробизниси од одбраните потсектори и поддршка на развојот на избраните потсектори, преку промовирање сектори што обезбедуват експанзија на бројот на корисници и помош во создавањето погодна околина за развој на МСП. ПСР е наменета за индивидуални земјоделци и микро и мали претприемачи. Во рамките на програмата, финансиски се поддржани проектите на двете групи за развој – домат и пиперка, и јаболко.

**3.1. Реализирани активности:** Во 2004 г. продолжи спроведувањето на стратешките планови на групите за развој на двата потсектора (домат и пиперка, и јаболко). Со обуки, студиски патувања и учество на саеми беа опфатени 178 корисници од потсекторот домат и пиперка и уште 125 корисници од потсекторот јаболка.

**4. Платформа за развој на МСП (ПРП):** Целта на ПРП е придонес кон формирање соодветна околина за развој на малите и средните претпријатија и зголемена соработка меѓу актерите на секторот МСП, идентификација на проблеми и предложени решенија. Програмата поттикнува еднаков пристап до финансиските услуги на индивидуалните земјоделци, самостојно варботените и претприемачите од МСП, мобилизира и стекнува средства во земјата и во странство, за ФУ и НФУ и обезбедува одржливост на услугите на сите нивоа. Со програмата се опфатени индивидуални земјоделци, невработени лица, микро и мали претприемачи и нивните вработени.

**4.1. Реализирани активности:** Во 2004 година се опфатени 1.119 корисници, од кои 962 претприемачи како можни корисници на ФУ и НФУ преку презентации, 140 корисници - учесници на форуми и 17 учесници на обука.

Посебно внимание во 2004 г. заслужува спроведувањето на проектот „Поддршка на претприемништвото во Македонија". Во спроведувањето на овој проект, покрај МРФП, Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), Штедилницата Можности, во соорганизација со Единицата за координација на проектите ИФАД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ), СЕЕД и Фондот за кредитирање на мали и средни претпријатија (Фонд МСП), беа активно вклучени и другите организации (носители на кредитни линии и други финансиски услуги, финансиски институции, носители на проекти на нефинансиски услуги и др.).

Во правец на тоа, реализирани се презентации во 13 (тринаесет) градови низ Р. Македонија пред 960 учесници, дистрибуирана е публикација со информации за финансиските и нефинансиските услуги во Македонија, а по самите презентации, на соодветни теми со соодветни воведни излагања, дискутирано е за проблемите со кои се соочуваат претприемачите.

**Одбор на старателите:**
Мирко Спироски, претседавач, Газменд Кадриу, заменик-претседавач, Зоран Костов, Томче Тасевски, Љубе Рајевски, Гордана Попсимонова и Абдураим Бајрактар.

**Раководство на МРФП:**
Врз основа на Договорот за раководење, МРФП му ги довери раководните и стручните и административните работи на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Сашо Клековски, застапник, Тетјана Лазаревска, раководител, Јоана Јосифовска, Лазар Неданоски, Афродита Муслиу, Лирим Хајредини, Зоран Велковски и Глигор Михаиловски.

**МРФП е запишана во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд Скопје 1, под реден број 15, со решение бр. 25/98 од 25.11.1998 година. Матичен број 5248850. Единствен даночен број 4030998351929.**

Ова е извадок од Годишниот извештај на МРФП за 2004 година. За повеќе информации можете да се обратите на адресата:

ул. Никола Парапунов бб, п. фах 55, 1060 Скопје, Република Македонија,

тел. 02/3065-381; факс: 02/3065-298;

електронска пошта: mrfp@mrfp.org.mk.

веб-страница: www.mrfp.org.mk

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ (‘000 МКД)

| | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **220.434** | **82.855** |
| **Приходи од оперативно работење** | **27.117** | **16.978** |
| Камати на долгорочни заеми | 21.224 | 10.139 |
| Камати од депозити | 2.381 | 2.722 |
| Провизии на исплата | 1.666 | 1.015 |
| Други приходи | 1.846 | 3.102 |
| **Донации** | **193.317** | **65.877** |
| Донација за нефинансиски услуги (НФУ) | 7.069 | 19.825 |
| Донација за финансиски услуги (ФУ) | 186.248 | 46.052 |
| | | |
| **РАСХОДИ** | **19.207** | **28.220** |
| **Расходи од работење** | **12.137** | **8.396** |
| Плати | 8.066 | 4.940 |
| Други оперативни трошоци | 4.071 | 3.456 |
| **Расходи за НФУ** | **7.070** | **19.824** |
| Градење капацитет | 3.892 | 15.514 |
| Застапување и лобирање | 1.031 | 2.442 |
| Размена и информации | 831 | 520 |
| Консултации | 493 | 920 |
| Поддршка и оценка | 296 | 402 |
| Обука на персонал | 527 | 26 |
| | | |
| **Нето-приходи над расходи** | **201.227** | **54.635** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА (‘000 МКД)

| | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **АКТИВА** | **548.613** | **343.232** |
| Парични средства и еквиваленти | 29.960 | 7.819 |
| Депозити | 85.189 | 31.000 |
| Кредити на банки | 429.588 | 302.172 |
| Други побарувања | 3.208 | 2.241 |
| Основни средства | 668 | - |
| | | |
| **ПАСИВА** | **548.613** | **343.232** |
| Обновлив фонд | 459.924 | 288.730 |
| Капитален фонд/гарантен фонд | 68.989 | 39.518 |
| Фонд за НФУ | 2.982 | 2.420 |
| Основачки фонд | 350 | 350 |
| Акумулирани вишоци | - | - |
| **Вкупно деловен фонд** | **532.245** | **331.018** |
| | | |
| Обврски | 8.036 | 6.340 |
| Аванс/обврска по донација за НФУ | 3.923 | - |
| Пресметани обврски | 4.409 | 5.874 |
| **Вкупно обврски** | **16.368** | **12.214** |

**Независен извештај на ревизорот до Одборот на старателите на Македонската развојна фондација за претпријатија**

Извршивме ревизија на придружниот биланс на состојба на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) на 31 декември 2004 година, како и на поврзаните со него биланс на приходи и расходи и извештај на паричниот тек за годината завршена тогаш. Одговорноста за финансиските извештаи е на раководството на МРФП. Наша одговорност е да искажеме независно мнение, базирано на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со меѓународните стандарди на ревизија. Овие стандарди изискуваат да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање, на евиденциите што ги поткрепуваат износите и образложенијата во финансиските извештаи. Таа исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка за адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи. Ние сме убедени дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мнение.

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на МРФП на 31 декември 2004 година, како и резултатот од работењето и паричните текови за годината завршена тогаш, во согласност со општоприфатените сметководствени стандарди.

31 март 2005 **KPMG**

Скопје